**ПОВИК БР. 0845-А1.1/2**
**За ангажирање на лице за дигитална видливост**

Во рамки на проектот „Фер избори – можности за помалите заедници“ кој се спроведува од страна на Инситут за социјална промена ИнСоК како суб-грантист финансиран од проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” се објавува следниов повик за ангажирање на лице кое ќе придонесе за подигање на дигиталната видливост на проектот.

1. **<u>Предмет на повикот:</u>**

Предмет на овој повик е изработка на ангажирање на лице кое ќе придонесе за подигање на дигиталната видливост на проектот во насока на промоција на инфо материјалите и видеата кои се изработени во рамки на проектот на социјалните мрежи и одржување на социјални профили и веб страна од проектот на интернет. Под социјални профили се мисли на профил на проектот на фејсбук, Инстаграм и/или ТикТок по меѓусебен договор меѓу договорниот орган и ангажираното лице.

Лицето ќе биде ангажирано во период од 8 месеци односно од 01.10.2025 до 31.05.2026.

2. **<u>Потребни квалификации</u>**

За учество на повикот понудувачот треба да поседува искуство за сличен ангажман односно искуство во одржување на социјални мрежи и подигање на дигитална видливост. Искуството го докажува со достава на листа од минимум 3 референци.

3. **<u>Временска рамка</u>**

| | |
|---|---|
| Краен рок за испраќање на понудите | 26.09.2025 |
| Потпишување на договор (индикативно) | 29.09.2025 |
| Отпочнување на ангажманот | 01.10.2025 |
| Завршување на ангажманот | 31.05.2026 |

4. **<u>Вредност на набавката</u>**

Предвидениот буџет за оваа набавка е 3,072 мкд бруто износ на месечно ниво, односно 24,580 за време на целокупниот ангажман.

5. **<u>Начин на аплицирање</u>**

Заинтересираните лица можат да аплицираат со испраќање на **<u>ЦВ и листа на референци и тековна состојба за правни лица</u>** на меил адреса: insoc@insoc.org.mk најдоцна до **26.09.2025** со назнака за **Повик бр. 0845-А1.1/2**

„Фер избори – можности за помалите заедници“ е проект спроведуван од Институт за социјална правда. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.